ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:35-229/9**

**Дата: 19.12.2013**

**ДО**
**КАЗНЕНО ПОПРАВНАТА УСТАНОВА – ЗАТВОР СКОПЈЕ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Казнено поправната установа Затвор Скопје, (во понатамошниот текст- КПУ Затвор Скопје) на сметката на основниот буџет, 603, за 2012 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на КПУ Затвор Скопје за 2003 година и изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и негативно мислење во однос на законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2003 година.

Од вкупно 10 препораки во Конечниот извештај за 2003 година, спроведени се 5, делумно спроведени се 2 и не се спроведени 3 препораки.

Изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2012 година.

Ревизијата констатира дека се доведува во прашање ефективното функционирање на секторите во КПУ Затвор Скопје, поради несообразеност на работните задачи и на работните места предвидени во актите за организација и систематизација, како и несоодветно разграничување односно преклопување на должностите и одговорностите, што особено доаѓа до израз во услови кога, од една страна постојано се зголемува бројот на осудени и притворени лица, а од друга страна во подолг временски период има недостиг од човечки ресурси и финансиски средства.

Во недостиг на човечки ресурси, и зголемен обем на работа во Затворот, постои зголемен број на пресметани прекувремени часови, за 47 вработени не е доставено

барање за исплата на бонуси во висина од една просечна плата во Републиката, во вкупен износ од 1.006 илјади денари. Ревизијата не се увери дека пресметката за исплата на прекувремената работа, се изготвува врз реална основа, бидејќи се врши само врз основа на рачно потпишани дневни листи за редовност со корегиран број на часови, без податоци од електронските листи.

Не се води внатрешна евиденција за недвижните ствари и не се доставуваат податоци до Агенцијата за катастар и недижности за промените на истите, ниту пак до Министерството за финансии, за вкупната сметководствена вредност на движните ствари. Во сметководствената евиденција евидентирани се 4 бесправно изградени објекти во вредност од 49.412 илјади денари без соодветна поткрепувачка документација, како и доградба на постоен објект во вредност од 40.012 илјада денари без одобрение за употреба. Вредноста на земјиштето е преценета за 11.135 илјади денари, поради погрешно пресметана ревалоризација.

Пописот на средствата и обврските е нецелосно спроведен, односно не е извршено усогласување на фактичката со сметководствената состојба на средствата, а пописот на обврските е формално спроведен со превземање на податоците од сметководствената евиденција. За оружјето, муницијата и опремата за обезбедување се води материјална, но не и сметководствена евиденција.

Поради застареност на опремата, и не исчистени цистерни повеќе од 10 години, количината на екстра лесното масло за греење не се мери во КПУ - Затвор Скопје, поради што ревизијата не се увери дека, набавеното масло во текот на 2011 и 2012 година во вкупна вредност од 3.212 илјади денари е испорачано во количини наведени во испратницата.

Од вкупните неподмирените обврски, 56% се обврски кон Министерството за внатрешни работи, за извршени услуги – асистенција при спровод на притворени и осудени лица. Поради ограничени буџетски средства овие обврски од година во година постојано се зголемуваат и неизвесно е дали и кога истите ке се подмират. Согласно Законот за кривична постапка овие трошоци не треба да паѓаат на товар на КПУ Затвор Скопје, туку треба да се исплатуваат однапред од средствата на органот што ја води кривичната постапка, а да се наплатуваат подоцна од лицата кои се должни да ги надоместат според одредбите на истиот закон.

Ревизијата смета за потребно да укаже на неопходноста Министерството за здравство да биде надлежно за здравствената заштита на осудените лица, бидејќи здравствената служба на КПУ Затвор Скопје не е вклучена во здравствениот систем на РМ, работи во тешки услови и со недостиг на медицински персонал, поради што многу тешко може да се обезбеди потребна медицинска помош и болничко лекување според општите прописи.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 22 до 24) заедно со ревизија на усогласеност на КПУ Затвор Скопје / сметка на основен буџет (603) за 2012 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на КПУ Затвор Скопје за 2003 година, и изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и негативно мислење во однос на законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуват државни расходи за 2003 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Сузана Гавриловиќ, директор на КПУ Затвор Скопје од 09.07.2008 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на министерство се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од

материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

**2.4.** Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.07.2013 до 15.09.2013 година од тим од овластени ревизори на Државниот завод за ревизија

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2003 година Прилог 1, при што е констатирано следното:

- Имплементирани се препораките кои се однесуваат на: разграничување на трошоците за КПУ Затвор во Скопје и Отвореното одделение во Крива Паланка, дефинирање на работните места за кои се пресметува бенефициран стаж, евидентирање на активностите финасирани од страна на Министерството за правда согласно Годишната програма за финансирање донесена од Владата на РМ во сметководствената евиденција на материјалните средства во КПУ Затвор Скопје, донесување интерен акт за исплата на надоместокот на униформираните лица кои се ангажираат за спровод

- Делумно се спроведени препораките кои се однесуваат на пописот на краткорочните побарувања и обврски, а не се спроведени препораките кои се однесуваат на екипирање и зајакнување на Одделението за финансиско-материјално работење согласно Правилникот за систематизација на работните места, обезбедување соодветна обука од областа на сметководственото и финансиско работење, како и донесување соодветни акти за начинот на евидентирање и вреднување на залихите на материјали и ситниот инвентар согласно законските прописи.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 03.10.2013 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 35 – 229/4 од 07.11.2013 година

### 4.1. Интерни контроли

**4.1.1.** Согласно Правилникот за систематизација на работните места, работењето во КПУ Затвор Скопје е организирано во 5 сектори со 305 извршители, а се извршува само со 30% од предвидените човечки ресурси. Со увид на состојбите по сектори, ревизијата го констатира следното:

- секторот за обезбедување, функционира со 38% од потребниот кадровски потенцијал кој ги извршува работните задачи и ја превзема целокупната одговорност за притворените и осудените лица чија бројка во 2012 година се движи во просек околу 470 лица дневно, а до денот на ревизијата и до 550 лица или просечно месечно 9.100 издржани затворски денови. Ако се земе предвид дека вработените од овој сектор работат во смени, користат годишен одмор и одат на боледување, остануваат мал број извршители во една смена, поради што ревизијата констатира зголемен број на прекувремени часови.
- Секторот за ресоцијализација, функционира со 27% од потребниот кадровски потенцијал, Така, 3 воспитувачи работат со групи од 35-45 осудени лица, еден воспитувач работи во затворено одделение, а тим од педагог, социјален работник и психолог работат во приемно одделение. Со овој сооднос воспитувачи-осудени лица се доведува во прашање квалитетното извршување на функциите на секторот, во смисла воспитување и оспособување на осудените лица, психолошки третман како и следење на здравствената и социјалната состојба и решавање на проблемите на

осудените лица.

- Извршно управен и финансиски сектор, функционира со 48% од потребниот капацитет, без раководител на сектор, без раководители на двете одделенија и без овластен сметководител. Од предвидените 21 извршител, работат 10.
- Секторот за здравствена заштита, кој е одговорен за здравствената состојба на 550 притворени и осудени лица, предвидено е да има 8 извршители, но функционира со двајца лекари по општа пракса, еден стоматолог и две медицински сестри (од кои едната е на породилно боледување). Дополнително со договор за дело е ангажиран доктор - психијатар. Овој персонал врши медицински прегледи, одредува дијагноза, третман и терапија, упатува на болничко лекување на клиника, дава мислење за работната способност на осудените лица, врши стоматолошки прегледи и интервенции, како и следење и анализа на психичката состојба, подготовка и делење на метадонска терапија.

Во текот на 2012 година, одговорните лица на КПУ Затвор Скопје од Министерството за финасии три пати побарале согласност за вработувања на пет испразнети работни места, но не добиле позитивен одговор Во услови на постоечката организациона поставеност на КПУ Затвор Скопје, ревизијата констатира дека се доведува во прашање ефективното функционирање на секторите, поради несообразеност на работните задачи и на работните места предвидени во актите за организација и систематизација, како и несоодветно разграничување односно преклопување на должностите и одговорностите. Поради тоа постои голема веројатност за отстапување од контролните постапки и отежнато следење на успешноста во работењето за да се стекне уверување дека секој учесник во системот ги исполнува своите задачи на начин како е предвидено.

**Препорака**

Одговорните лица на КПУ-Затвор Скопје во соработка со надлежните органи да преземат мерки и активности за доекипирање на споменатите сектори.

4.1.2. Ревизијата констатира дека не се почитувани одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола кои се однесуваат на финансиското управување и контрола (член 7), бидејќи нема пишани процедури за основните процеси со кои се обезбедува функционирање, следење и развој на стабилно финансиско управување и контрола.

Од извршениот увид во документацијата ревизијата го констатира следното:

- И покрај препораките дадени во Конечниот ревизорски извештај за 2003 година, КПУ Затвор Скопје нема воспоставено систем на интерни контроли и пишани процедури за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихите на материјали и ситен инвентар, како и на прехранбените производи поради што од една страна постои висок ризик од неправилно магацинско работење и неусогласеност на магацинското работење со материјалната и сметководствена евиденција, а од друга страна не може целосно да се следи потрошокот на залихите по видови.

  Воспоставениот начин на работа не е во согласност со член 5 и 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола), и го зголемува ризикот од измами и грешки и од нереално и необјективно прикажување на залихите во финансиските извештаи.
- КПУ Затвор Скопје нема воспоставено систем на интерни контроли и пишани процедури за процесот на набавка, прием, чување и издавање на лекови. Од извршениот увид во документацијата, ревизијата констатира дека не се врши материјална евиденција на потребните лекови утврдени со прегледите на осудените лица, набавените лекови примени во аптеката, како и на потрошокот на издадените лекови.
- Воспоставениот начин на работа ја намалува можноста за реално утврдување на потребните лекови како и динамиката на трошење на истите.
- Во процесот на јавни набавки, ревизијата утврди дека не е воспоставен систем за следење на степенот на реализација на склучените договори со економските оператори со усогласување на исплатените износи и оние кои треба да се платат. Правната служба го следи само временскиот рок за важност на договорите.

**Препорака**

Одговорното лице да ги преземе потребните активности за дизајнирање процедури за процесите во КПУ Затвор Скопје и истите да ги стави во функција со цел да се воспостави ефикасен систем на интерни контроли во процесите поврзани со финасиското управување и контрола.

## 4.2. Усогласеност со законски прописи

**4.2.1.** Надлежните лица на Затворот не постапиле согласно член 23 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, поради нецелосно подготвена завршната сметка, односно неизготвено образложение кон финансиските извештаи, кое треба да даде информации за начинот и основата на формирање на финансиските извештаи и специфичните сметководствени политики.

**Препорака**

Да се изготвува образложение кон финансиските извештаи со изградени сметководствените политики засновани на законската регулатива која се применува во Република Македонија, и со Правилник за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

**4.2.2.** Не е основана единица за внатрешна ревизија, ниту пак е склучен договор со раководител од друг субјект од јавниот сектор, за вршење внатрешна ревизија како независна активност за давање објективно уверување и совет за подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, што не е во согласност со член 30 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
Внатрешниот ревизор на Министерството за правда, постапувајќи по Заклучок на Владата на РМ извршил ревизија за 2009 година на сметководствениот и интерниот контролен систем, утврдување на законитоста во работењето и оправданоста во трошењето на буџетските средства. Препораките дадени во Конечниот извештај на внатрешниот ревизор делумно се применети.

**Препорака**

Да се обезбеди примена на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и да се воспостави единица за внатрешна ревизија со цел да се придонесе кон подобрување на работењето на субјектот.

**4.2.3.** За вршење на здравствени услуги невропсихијатриски прегледи на притворените и осудените лица кои се зависници од наркотици, КПУ Затвор Скопје има исплатено 108 илјади денари по склучен договор со надворешно лице - доктор психијатар, кој има обврска два пати неделно да врши прегледи на пациентите. Изборот на докторот е направен без спроведување постапка за јавна набавка, односно спротивно на член 17 од Законот за јавни набавки со кој се дефинирани услугите за кои треба да се води постапка за јавна набавка. Со тоа не се почитувани начелата на транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на

понудувачите, и се остава простор за субјективно одлучување и фаворизирање на одредени економски оператори.
Склучувањето на договорот не е во согласност и со член 252 Законот за работни односи, бидејќи во Правилникот за систематизација на работните места во КПУ Затвор Скопје, има систематизирано работното место - психијатар. Според наведениот член работодавачот може со определено лице да склучи договор за вршење на работи кои се надвор од дејноста на работодавачот, а кои имаат за предмет самостојна изработка или поправка на определени предмети, самостојно извршување на физички или интелектуални работи.

**Препорака**

Одговорното лице да ги преземе потребните активности за доекипирање на секторите за успешно функционирање на Установата согласно законските одредби.

**4.2.4.** Во точката интерни контроли истакнавме дека во недостиг на човечки ресурси во Секторот за обезбедување, како и поради зголемен обем на работа во Затворот, постои зголемен број на прекувремени часови. Така, спротивно на член 117став 2 од Законот за работни односи, 78 вработени од овој сектор имаат годишно над 190 прекувремени часови, а за 47 вработени не е доставено барање за исплата на бонуси во висина од една просечна плата во Републиката, во вкупен износ од 1.006 илјади денари што не е во согласност со став 4 од член 117 од Законот за работни односи. Ревизијата констатираше дека за 2011 година било поднесено барање за исплата на бонуси во висина од една просечна плата во Републиката, но за истото не добиле одобрение од Министерство за финансии на РМ.

**Препорака**

Одговорното лице во соработка со надлежните органи, да ги преземе потребните активности, во смисла доекипирање на Секторот за обезбедување и исплата на прекувремените часови согласно законските одредби.

**4.2.5.** Со увид во документацијата ревизијата утврди дека, не се почитува членот 110 од Законот за извршување санкции со кој е предвидено директорот, лекарот или друго стручно лице во установата секој ден да го проверуваат квалитетот на храната и тоа што ќе го утврдат да го внесуваат во контролната книга. Со увид во контролната книга ревизијата констатира дека во 2012 година направени се вкупно шест контроли. Во отсуство на редовни контроли ревизијата не се увери дека храната наменета за лицата лишени од слобода е со соодветен квалитет.

**Препорака**

Контролата на квалитетот на храната да се врши секојдневно согласно Законот за извршување санкции.

**4.2.6.** КПУ Затвор Скопје како државна институција корисник на недвижни ствари не води внатрешна евиденција на недвижните ствари [1] и не доставува податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари со состојба на 31 декември тековната година, како и податоци за промените во внатрешната евиденција за недвижните ствари до Агенцијата за катастар и недвижности. Поради тоа во Агенцијата не може да се изврши промена на евидентираната сметководствена вредност во Евидентната книга, што доведува до нереално и необјективно искажување на вкупната вредност на недвижните ствари со кои располага РМ. Наведеното не е во согласност со член 86, 87, 88 и 89 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Исто така, до Министерството за финансии не се доставени податоци за вкупната сметководствена вредност на движните ствари што ги користи со состојба на 31 декември во тековната година што не е во согласност со член 90 од истиот Закон.

**Препорака**

Да се воведе евиденција на недвижните ствари во државна сопственост и да се доставуваат податоци до Агенцијата за катастар и недвижности за сметководствената вредност на недвижните ствари за секоја тековна година, како и податоци до Министерството за финансии за вкупната сметководствена вредност на движните ствари што ги користи.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

**4.3.1.** Со извршениот увид во сметководствената евиденција на материјалните средства ревизијата ги констатира следните неправилности:

[1]- податоци за место, улица, број, катастарска општина, катастарска парцела, број на
- основа за стекнување на правото на сопственост, облигациони и стварни права за недвижната ствар (закуп,користење, плодоуживање, службености, товари, ограничувања и други права во однос на недвижната ствар) и
- сметководствена вредност на недвижната ствар во моментот на евидентирање.

- КПУ Затвор Скопје располага со 4 бесправно изградени објекти во вредност од 49.412 илјади денари, евидентирани во сметководствената евиденција без соодветна поткрепувачка документација. Од страна на Затвор Скопје не се превземени активности за утврдување на правниот статус на овие објекти, и за обезбедување на соодветна документација за сметководствено евидентирање, поради што истите не може да се запишат во јавната книга за запишување на правата на недвижности;
- Во деловните книги на КПУ Затвор Скопје сметководствено е евидентирана доградба на постоен објект во вредност од 40.012 илјади денари без добиено одобрение за употреба. КПУ Затвор Скопе има превземено активности и поднесено барање[2] за добивање одобрение до Министерството за транспорт и врски , од каде чекаат насоки за натамошни постапки.
- Како резултат на погрешно пресметана ревалоризација, вредноста на земјиштето со кое располага КПУ Затвор Скопје е поголема за износ од 11.135 илјади денари.

Наведените состојби не се во согласност со член 12, 19 и 22 од Законот, член 12 и 28 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 5 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти и резултира со нереално и необјективно прикажување на позицијата на Материјални средства и Државниот јавен капитал во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

**Препораки**

Одговорното лице за бесправно изградените објекти да превземе активности за обезбедување правен статус на објектите со кои располага согласно постојните законски прописи, а објектите да ги води во вонбилансна евиденција до решавање на нивниот правен статис.
Објектите кои немаат употребна дозвола сметководствено да се евидентираат во материјални средства во подготовка до добивање на употребна дозвола.
Одговорното лице во одделението за финансиско работење да ја утврдува ревалоризацијата согласно законските прописи.

**4.3.2.** Пописот на средствата и изворите на средства со состојба на ден 31 декември 2012 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 21 од Законот и член 29-35 од Правилникот за сметководство на буџетот и буџетските корисници од следниве причини:

- не е извршено вредносно усогласување на фактичката со сметководствената состојба, бидејќи пописните листи за извршениот попис на основните

[2] бр. 03-967/2 од 31.03.2010 година

средства не се целосни. Истите содржат податоци само за количината, но не и вредносни показатели;

- Основните средства со кои располага субјектот не се обележани со инвентарни броеви;
- Расходуваните основни средства и ситен инвентар во вкупен износ од 112 илјади денари, се искнижени од сметководствена евиденција пред да биде донесена Одлукате за усвојување на пописот и Одлуката за отпис на расход, од страна на одговорното лице;

Поради нецелосно и неправилно извршениот попис ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

**Препорака**

Одговорното лице на КПУ Затвор Скопје да преземе активности и мерки за спроведување на пописот на начин предвиден со законските одредби.

**4.3.3.** КПУ Затвор Скопје располага со оружје, муниција и опрема за обезбедување за кои се води материјална, но не и сметководствена евиденција. Пописната комисија извршила само утврдување и пребројување на оружјето, муницијата и опремата за обезбедување во магацинот за оружје, но во отсуство на сметководствена евиденција не е извршено усогласување на фактичката со сметководствената состојба, поради што позицијата Материјални средства, во Билансот на состојбата, не е реално и објективно искажана.
Горенаведената состојба не е во согласност со член 22 и 24 од  Законот за сметководство на буџетот и буџетските корисници.

**Препорака**

Одговорните лица во одделението за финансиско работење да извршат сметководствено евидентирање на оружјето, муницијата и опремата за обезбедување  на соодветните позиции на Билансот на состојба.

**4.3.4.** Со увид во Билансот на состојба и во сметководствената документација, ревизијата не се увери дека позицијата Обврски кон добавувачите е реално и објективно искажана, поради следните причини:

- Пописот на обврските е формално спроведен со прифаќање на податоците од сметководствената евиденција, односно не е извршено соодветно потврдување на правната основа за постоење на обврските, не е потврдено дали обврските се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција, не е извршено споредување на состојбите помеѓу фактурите, склучените договори, старосната структура на истите, не се потврдени причините за неизмирените обврски, ниту пак преземените мерки од одговорните лица за неизмирените обврски.

  Наведеното е спротивно на член 2 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и член 31, 31в и 35 од Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници и има влијание врз реалното и објективно прикажување на финансиските извештаи.
- не е добиен позитивен одговор за 92% од испратените конфирмации до добавувачите со состојба на 31.12.2012 година.

**Препорака**

Да се преземат активности и мерки за спроведување на пописот на начин предвиден со законските одредби.
Да се спроведуваат периодични усогласувања со економските опратори, со цел обврските да бидат реално и објективно искажани.

**4.3.5.** Со увид во сметководствената евиденција, ревизијата утврди дека 56% или 36.370 илјади денари од вкупните неподмирени обврски се обврски кон Министерството за внатрешни работи, за извршени услуги – асистенција при спровод на притворени и осудени лица и истите согласно Законот за кривична постапка не треба да паѓаат на товар на КПУ Затвор Скопје.
Имено, според член 102 од споменатиот закон трошоците направени по повод кривичната постапка, од нејзиното поведување до нејзиното завршување и издатоците за преземени истражни дејствија пред истражната постапка. треба да се исплатуваат однапред од средствата на органот што ја води кривичната постапка, а да се наплатуваат подоцна од лицата кои се должни да ги надоместат според одредбите на истиот закон
Ревизијата утврди дека КПУ Затвор Скопје, постапувајќи по судските налози, врши спроводи на лицата лишени од слобода, при што користи полициска асистенција. За извршените услуги Министерството за внатрешни работи му фактурира на КПУ Затвор Скопје.

Поради ограничени буџетски средства овие обврски од година во година постојано се зголемуваат (во 2011 година изнесувале 32.202 илјади денари) и неизвесно е дали и кога истите ке се подмират.
Ревизијата се информира дека Министерството за правда презело иницијатива за надминување на состојбата и изготвило Нацрт спогодба, со која, во согласност со Министерството за финансии, треба да се уреди начинот и динамиката на плаќање на обврските помеѓу Министерството за внатрешни работи и КПУ Затвор Скопје. Спогодбата е доставена на разгледување до Министерството за внатрешни работи, кое има обврска понатаму да ја извести Владата на РМ.
До денот на ревизијата не добивме повратна информација дали Владата на РМ е известена и што е одлучено во врска со спомената спогодба.

**Препорака**

Ревизијата е на мислење дека за надминување на оваа состојба треба доследно да се почитуваат одредбите Законот за кривична постапка, односно издатоците за кривичните постапки да бидат на терет на судскиот буџет.

**4.3.6.** Со увид во документацијата, ревизијата не се увери дека екстра лесното масло за греење, кое е набавено во текот на 2011 и 2012 година во вкупна вредност од 3.212 илјади денари е испорачано во количини наведени во испратницата. Имено, испораката и дистрибуција на маслото за греење е извршена само врз основа на испратница, а не и документ со кој се потврдува испорачаната количина (вага или протокомерач), од кој може да се види: измерената количина, температурата при мерење, густината и талогот. Поради застареност на опремата, (мерна гарнитура само со шипка, без мерач на густина, температура, мензура, паста за индикација на вода, мерење на ниво, влага и талог) и цистерни не исчистени повеќе од 10 години, количината на маслото за греење не се мери во КПУ - Затвор Скопје.

**Препорака**

Надлежните лица во КПУ-Затвор Скопје при склучувањето на договорите, да вклучат прецизни одредби кои се однесуваат на начинот на испорака на екстра лесно масло за греење со што ќе се обезбеди квалитативен и квантитативен прием на количините, како и да се преземат активности од страна на Установата за попрецизно мерење на екстра лесно масло за греење во КПУ-Затвор Скопје (со набавка на одредени дополнителни инструменти, утврдување на новата таблица од страна на Бирото за метеорологија, чистење на цистерните и сл.)
**Биланс на приходи и расходи**

**4.3.7.** Ревизијата не се увери дека пресметката за исплата на прекувремената работа на вработените од секторот за обезбедување на КПУ Затвор Скопје, се изготвува врз реална основа. Имено, пресметката се врши само врз основа на рачно потпишани дневни листи за редовност без податоците од електронските листи. Од извршениот увид во приложените документи, ревизијата не можеше да се увери во нивната точност и ажурност поради тоа што дневните распореди се пополнуваат рачно и има преправање на бројот на часови со што има можност за субјективно постапување, спротивно на член 116 од Законот за работни односи.
За оваа намена исплатени се вкупно 4.125 илјади денари за одработени 25.673 работни часови.
Ревизијата се информира дека во тек е воспоставување електронски систем за евидентирање на преку времената работа.

**Препорака**

При пресметка на прекувремените часови на вработените од секторот за обезбедување на КПУ Затвор Скопје, да се земе предвид електронската евиденција согласно членот 116 од Законот за работни односи.

**4.3.8.** Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи кон стопанската единица 8-ми Септември во износ од 691 илјада денари поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација. Имено, на стопанската единица 8-ми Септември која функционира како посебен правен субјект, а е застапувана од ист законски застапник, исплатени се средства во износ од 470 илјади денари за поправки и одржуваање на згради и возила, како и 221 илјада денари за услуги, без склучен договор во кој е наведено кои услуги ќе се вршат и по кои цени, а нема ниту работни налози како доказ дека услугата е извршена.
Наведените состојби не се во согласност со член 12 од Законот, член 12, 13 и 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, член 16 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола и укажуваат на необезбеден систем на интерни контроли кој може да доведе до несовесно користење на средствата.

**Препорака**

Одговорното лице на КПУ Затвор Скопје да преземе мерки исплатите и евидентирањата во деловните книги да бидат поткрепени во веродостојни и вистинити сметководствени документи.

### 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

**4.4.1.** Со увид во спроведување на постапките за јавни набавки, ги констатиравме следните состојби кои упатуваат на недоследно спроведување на Законот за јавни набавки, односно преземање обврски над договорениот износ, и тоа:

- Склучен е договор за набавка на екстра лесно масло за греење, во кој е наведен вкупниот износ од 1.209 илјади денари, но не е наведено колку литри ќе се набават и покрај тоа што во спецификацијата при објавување на огласот стои 30.450 литри. Во текот на 2012 година, од избраниот економски оператор се набавени 40.000 литри екстра лесно масло за греење со што објавената количина е за 9.550 литри надмината, исплатени му се 1.735 илјади денари, а 600 илјади денари останале неподмирени обврски, со што е надминат и договорениот износ.

- За набавка на лекови, во ист ден донесена е Одлука за јавна набавка во вкупна цена на чинење на набавката 1.200 илјади денари со ДДВ и Одлука за измена на Одлуката за набавка на лекови во која вкупната вредност е намалена и изнесува 885 илјади денари со ДДВ. И покрај тоа што е склучен договор со економскиот оператор за намалениот износ, со увид во документацијата ревизијата утврди дека за набавка на лековите исплатени се 1.400 илјади денари со ДДВ, со што е надминат и износот од договорот.

**Вкупни ефекти од наодите:**

Врз основа на изнесеното во точките 4.3.1 – 4.3.8 од овој извештај, кои се однесуваат на: сметководствено евидентирање на бесправно изградени објекти без соодветна поткрепувачка документација, сметководствено евидентирање на доградба на постоен објект без одобрение за употреба, погрешно пресметана ревалоризација, неправилно извршен попис на материјалните средства, неискажана вредноста на оружјето, формално спроведен попис на обврските кон добавувачите и висок процент на непотврдени конфирмации, како и отсуство на соодветна поткрепувачка документација за исплата на средства по извршени услуги од страна на 8-ми Септември, ревизијата изрази неуверување за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, на ден 31.12.2012 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4. 3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на КПУ Затвор Скопје на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точка 4.2 и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на КПУ Затвор Скопје не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност (кои не влијаат на мислењето)

Согласно меѓународниот стандард за ревизија 701 – Модификација на извештајот на независниот ревизор, точка 5, се додава пасус за нагласување на прашање кое влијае на финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи, но истиот нема влијание на ревизорското мислење.

**6.1.1.** Согласно член 31 одЗаконот за извршување на санкции, во КПУ Затвор Скопје се организира Сектор за здравствена заштита заради вршење на работи на здравствена заштита, спроведување на хигиенски мерки и контрола на исхраната и водата за пиење на осудените и малолетните лица во согласност со општите прописи, а според член 124 од истиот Закон осудените лица имаат право на здравствена заштита и им се обезбедува потребна медицинска помош и болничко лекување според општите прописи. Трошоците за здравствена заштита на осудените лица паѓаат на товар на на КПУ, односно на Буџетот на РМ.
Со цел да се обезбеди здравствена заштита на осудените лица според општите услови, ревизијата е на мислење дека треба да се преиспитаат наведените одредби од Законот за извршување санкции, во смисла Министерството за здравство да биде во надлежно за здравствена заштита на осудените лица. Ова дотолку повеќе што од една страна, здравствената служба на КПУ Затвор Скопје која работи во тешки услови и со недостиг на медицински персонал, не е вклучена во здравствениот систем на РМ, поради што болните лица упатени на специјалистички прегледи не можат електронски да ги релизираат прегледите бидејќи постои неусогласеност помеѓу упатот и прегледот, а од друга страна висок

износ на средства, што се трошат за набавка на лекови и за здравствени услуги од одделни клиники се на товар на КПУ Затвор Скопје. За овој вид услуги во 2012 година се потрошени 3.100 илјади денари, а неподмирените обврски по истиот основ изнесуваат 1.088 илјади денари.

**6.1.2.** За функционирање на КПУ Затвор Скопје, за 2012 година одобрен е буџет од 72.829 илјади денари. Имајќи предвид дека од овие средства за плати и надоместоци се потрошени 49.822 илјади денари, остануваат 23.007 илјади денари за сите останати потребни работи во затворот. Ревизијата укажува дека при планирање на буџетот на оваа установа треба да се има предвид следното работи:

- Станува збор за установа во која е сместен најголемиот притвор во државата, каде бројот на притворени лица се зголемува.
- најголемиот дел од осудените лица и сите притворени во својот престој во Установата не работат за да придонесат кон намалување на трошоците, туку се на товар на Установата, т.е на Буџетот на РМ.
- Висината на пренесените обврски од претходни години, (во 2012 година изнесуваат 64.437 илјади денари, наспроти 23.007 илјади денари буџетски средства планирани за фунционирање на установата)
- Потребно е да се обезбедат минимум услови за престој на осудените и притворените лица во установата, согласно законската регулатива, како и европските затворски правила.

Скопје, 16.12.2013 година



*1.*___________________
*2.*___________________
*3.*___________________
*4.*___________________ ___________________________

КАЗНЕНО ПОПРАВНА УСТАНОВА - ЗАТВОР СКОПЈЕ
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ 603-13
КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 72.829 | 72.927 |
| **Вкупно приходи** | | **72.829** | **72.927** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 49.822 | 49.813 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 23.007 | 17.795 |
| Субвенции и трансфери | | 0 | 5.319 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **72.829** | **72.927** |
| **Вкупно расходи** | | **72.829** | **72.927** |

КАЗНЕНО ПОПРАВНА УСТАНОВА - ЗАТВОР СКОПЈЕ
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ 603-13
КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Хартии од вредност | 4.1.1 | 14 | 105 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2 | 68.366 | 63.622 |
| Залихи | 4.1.3 | 300 | 366 |
| **Вкупно тековни средства** | | **68.680** | **64.093** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1 | 221.231 | 255.948 |
| Материјални средства | 4.2.2 | 100.425 | 99.048 |
| **Вкупно постојани средства** | | **321.656** | **354.996** |
| **Вкупна актива** | | **390.336** | **419.089** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 4.3.1 | 14 | 105 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.2 | 64.437 | 59.317 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.3 | 377 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4 | 3.552 | 4.305 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **68.380** | **63.727** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 321.956 | 355.362 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **321.956** | **355.362** |
| **Извори на други средства** | | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **390.336** | **419.089** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **354.996** | **366** | **355.362** |
| **Зголемување по основ на:** | **19.130** | **9.838** | **28.968** |
| Набавки | - | 9.838 | **9.838** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 19.130 | | **19.130** |
| **Намалување по основ на:** | **52.470** | **9.904** | **62.374** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 2.941 | | **2.941** |
| Амортизација | 3.675 | | **3.675** |
| Издадени материјали и ситен инвентар | | 9.904 | |
| Расход на опрема | 2 | | |
| Останати намалувања -Разлика помеѓу пазарна вредност на земјиште и сметководствена вредност | 45.852 | | |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **321.656** | **300** | **321.956** |

Преглед II

# Резултати

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2003 година за КПУ Затвор Скопје**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | Наод | Ревизорска област Препорака | Статус на препораката | Коментар на ревизорот/субјектот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 11.1. | **Неправилна примена на сметководствените политики и начела:** | | | |
| 11.1.1. | Не се почитувани основните сметководствени принципи и начела согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, поради недоволна обученост за финансиското работење од страна на вработените во Одделението за финансиско и материјално работење. | Да се обезбеди соодветна обука на вработените во областа на сметководственото и финансиско работење која ќе овозможи спроведување на сметководствените принципи и начела; | **Препораката не е спроведена** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.1.2. | Во Одделението за финансиско и материјално работење, функцијата раководител на одделение и самостоен референт за сметководствено работење ја врши едно лице, спротивно на Правилникот за систематизација. Поради ова преклопување на должностите и одговорностите, не функционираат интерните контроли со што се зголемува можноста за измами и злоупотреби на овластувањата. | Да се екипира и зајакне Одделението за финансиско-материјално работење согласно Правилникот за систематизација на работните места со разграничување на должностите и одговорностите на лицата во Одделението; | **Препораката не е спроведена** | Одделението за финансиско-материјално работење нема раководител и функционира со двајца извршители |
| 11.1.3. | КПУ Затвор Скопје, нема донесено одлука за начинот на вреднување на залихите на материјалите и ситниот инвентар во употреба како и одлука за начинот на исправка на ситниот инвентар во употреба. | Да се донесат соодветни акти за начинот на евидентирање и вреднување на залихите на материјали и ситниот инвентар согласно законските прописи; | **Препораката не е спроведена** | |
| 11.1.4. | Не е извршен попис на краткорочните побарувања и обврски на ден 31.12.2003 година | Да се почитуваат одредбите од Законот за сметководство и | **Препораката е делумно спроведена** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради што ревизијата не беше во можност да се увери во реалноста и објективноста на искажаните билансни позиции. | Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. | | |
| 11.1.5. | Со увид во сметководствената евиденција на КПУ Затвор, ревизијата констатира дека не постои разграничување помеѓу трошоците за КПУ Затвор во Скопје и Отвореното одделение во Крива Паланка поради реално и објективно прикажување на истите. | Да се изврши разграничување на трошоците за КПУ Затвор во Скопје и Отвореното одделение во Крива Паланка. | **Препораката е спроведена** | |
| 11.1.6. | Согласно Законот за вршење на санкциите за работните места кои се непосредно поврзани во работата со осудените лица, стажот на осигурување се смета со зголемено траење (бенифициран стаж). Во КПУ Затвор не е донесен | Во Правилникот за систематизација на работните места да се дефинира за кои работни места ќе се пресметува бенефициран стаж. | **Препораката е спроведена** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | интерен акт со кој би се определило за кои работни места се пресметува бенефициран работен стаж, ниту на ниво на Министерството за правда е донесен подзаконски акт за регулирање на ова прашање. | | | |
| 11.2. | **11.2. Неправилности во искажување на билансните позиции:** | | | |
| 11.2.1. | Со увид во сметководствената евиденција на градежните објекти констатира е потценување на вредноста на градежните објекти за износ од 201 илјада денари. Имено, согласно Законот за извршување на санкции, Владата на РМ е задолжена да изготвува годишна програма за финансирање, изградба, доградба, адаптација и поголеми поправки за згради на правосудни органи, казнено поправните и воспитно поправните установи во рамките на Министерството за правда. Со | Активностите финасирани од страна на Министерството за правда согласно Годишната програма за финансирање донесена од Владата на РМ согласно Законот за извршување на санкции треба да се евидентираат во сметководствената евиденција на материјалните средства во КПУ Затвор Скопје; | **Препораката е спроведена** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | годишната програма за 2003 година на предметниот правен субјект доделени се средства во износ од 3.000 иљади денари. Во Министерството за правда се води евиденција за извршените санациони активности на сметката Инвестиции во тек. Иако до крајот на 2003 година сите активности се завршени, истите во Министерството за правда се евидентирани како недовршени. Бидејќи инвестиционо санационите активности започнале во 2002 година, ревизијата не беше во можност да утврди дали и колку е потценета вредноста на градежните објекти во претходната година. | | | |
| 11.2.2. | Ревизијата не беше во можност да се увери дека состојбата на обврските спрема добавувачите искажана во КПУ Затвор Скопје во висина од примена на постапка на независно усогласување. Добиените | Да се почитуваат одредбите од Законот за сметководство и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските | **Препораката е делумно спроведена** | И со оваа ревизија не се уверивме во реалноста на искажаните состојби на позицијата Обврски кон добавувачите, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | одговори од комитентите (33 %) не даваат доволен доказ во уверувањето за реалноста на искажаните состојби од страна на КПУ Затвор Скопје. | корисници. | | бидејќи не е добиен позитивен одговор за 92% од испратените конфирмации до добавувачите со состојба на 31.12.2012 година. |
| 11.3. | **Ненаменско и незаконско користење на средствата:** | | | |
| 11.3.2. | Со увид во сметководствената евиденција на други оперативни трошоци (надомест на униформирани лица за извршување на спровод), ревизијата не беше во можност да се увери во веродостојноста на истите поради тоа што не е донесен интерен акт со кој ќе се регулира исплатата на надоместокот. | Да се донесе интерен акт во врска со исплатата на надоместокот на униформираните лица кои се ангажираат за спровод. | **Препораката е спроведена** | |
| 11.3.3. | Со увид во начинот на примената на постапките за јавни набавки ревизијата го утврди следното:<br>◊ КПУ Затвор Скопје нема изготвено план за набавки со | Да се применуваат одредбите на Законот за јавни набавки со цел за економично трошење на средствата како и | **Препораката е спроведена** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | утврдена динамика за реализација на истите за 2003 година;<br><br>◊ За набавки во износ од 8,667 илјади денари не се почитувани одредбите од Законот за јавни набавки (Прилог број 1). | елиминирање на можноста за фаворизирање на одредени фирми;<br>Да се изготви План за јавни набавки на КПУ Затвор Скопје согласно член 7, како и Регистар за извршените набавки согласно член 10 од Законот; | | |

1. ________________
2. ________________
3. ________________
4. ________________

Овластен државен ревизор

______________________________